ПРОДОЛЖУВА ОБВРСКАТА НА ЈАВНИОТ СЕКТОР ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ НА ОБВРСКИ ВО ЕСПЕО

Со член **119** од **Законот за буџети** („Службен весник“, бр. 203/22, 76/24 и 272/24) е предвидено со денот на започнување со примената на овој закон да престане да важи Законот за пријавување и евиденција на обврски („Службен весник“, бр. 64/18).

Со оглед дека наведениот Закон за буџети ќе започне да се применува од 1 јануари 2026 година (откако со измените и дополнувањата на овој Закон од „Службен весник“, бр. 272/24, се измени членот 122 со што примената на законот се одложи за една година и наместо од 1 јануари 2025 година ќе започне да се применува од 1 јануари 2026 година), останува **и за 2025 година** обврската од Законот за пријавување и евиденција на обврски.

Потсетуваме: ✓

Органите на државната власт, единиците на локалната самоуправа, установите и институции кои вршат дејности од областа на културата, образованието, здравството, детската, социјалната заштита, како и други дејности од јавен интерес утврден со закон основани од Република Северна Македонија или единиците на локална самоуправа, како и јавните претпријатија, трговските друштва, заводите, агенции, фондовите и други правни лица чиј основач е Република Северна Македонија или единиците на локалната самоуправа **се должни да вршат пријавување и евидентирање на обврските преку Електронскиот систем за пријавување и евиденција на обврските (во натамошниот текст: ЕСПЕО)**.

Пријавувањето на обврските се врши **на месечна основа** со прикажување на дел од податоците од сметководствена евиденција на субјектите во електронски систем за пријавување и евиденција на обврски, најдоцна до 10-ти во тековниот месец, за претходниот месец.

Пријавувањето на обврските се врши според типови на сметки, видови на расходи, видови на комитенти и според времето на доспеаност на обврските.

Субјектите ги пријавуваат обврските според следните комитенти:

- субјект од јавен сектор,
- субјект - физичко лице,
- субјект од странство и
- субјект од приватен сектор, здруженија на граѓани и други непрофитни организации.

Начинот на пријавување на обврските од страна на субјектите поблиску е пропишан со ***Правилникот*** *за начинот на пријавување на обврските и за формата и содржината на збирните извештаи* („Службен весник“, бр. 90/18).

✉ **kontakt**@proagens.com.mk

☎ 02/ **3162-979** и **3298-763**